Архивски знак
Shenja Arkivore 0101
Рок на чување
Afati i ruajtjes Трајно
23.03.23

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PER CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА-СТРУГА
UNIVERZITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË-STRUGË

| Примено / Pranuar | 23.03.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орга. единица / Njës organizative | Број / Numër | Прилог / Shtese | Вредност / Vlera |
| 01 | 138/1 | | |

Број 08-1141/6
21.03.2023

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 52 седница одржана на 14.02.2023 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Економија и бизнис", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за економски науки при Меѓународен Универзитет во Струга**

1. Се акредитира студиската програма „Економија и бизнис", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за економски науки при Меѓународен Универзитет во Струга, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.

По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер по економски науки од областа на економијата и бизнис /во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Economic sciences in the field of economics and business.

Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 503 Економски науки, Научно – истражувачка област: 50300 Економска теорија, 50302 Применета економија, 50309 Меѓународна економија.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во втора година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 80 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 02-497/2 од 08.11.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Економија и бизнис", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за економски науки, Меѓународен Универзитет во Струга, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-502/1 од 14.11.2022 година (наш бр. 08 -1141/1 од 15.11.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 46-т[а] седницата одржана на 16.11.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, с[о] придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 1141/3 од 17.02.20[23] година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразов[ни] установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области спор[ед] Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучува[ње], методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска [со] работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/[..]) Одборот за акредитација на високото образование, на својата 52-та седница одржана на 14.02.2023 година,одлучи како [во] диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може д[а] поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова